**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1082**
**Скопје, 15 август 2014 година**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПШТА ПСИХОЛОГИЈА И ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ ЗА ПРЕДМЕТИТЕ: ВОВЕД ВО ПСИХОЛОГИЈАТА, СОЗНАЈНИ ПРОЦЕСИ, ИНТЕЛИГЕНЦИЈА, НАДАРЕНОСТ, ПЕДАГОШКА ПСИХОЛОГИЈА, ПСИХОЛОГИЈА И ПСИХОЛОГИЈА ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весникот "Дневник" на 21 и 22.6.2014 година, за избор на наставник во сите звања во научните области: општа психологија и психологија на образование и воспитување, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница, одржана на 1. 7.2014 година, определи Комисија во состав: ***проф.д-р Виолета Арнаудова, проф.д-р Благоја Јанаков и проф.д-р Зоран Стојановски***.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, д-р Елена Ачковска Лешковска, досегашен вонреден професор на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *Биографски податоци*

Елена Ачковска Лешковска е родена на 11.1.1959 год. во Скопје, каде што ги завршила основното и средното образование со континуиран одличен успех. На наставно-научната студиска група по психологија при Филозофскиот факултет во Скопје се запишала во академската 1977/78 година, а дипломирала во 1982 година со одбрана на дипломскиот труд *Интелектуалните постигнувања кај деца со пречки во говорот*. Постдипломските студии по психологија ги завршила во 1992 година на истиот Факултет, со просечна оценка 10 и со одбрана на магистерскиот труд со наслов *Креативната имагинација и особините на личноста*. Со научен степен доктор на психолошки науки се стекнала со одбрана на докторската дисертација *Имплицитните и експлицитните теории во функција на идентификацијата на надарените ученици*, на Филозофскиот факултет во Скопје во 2004 година.

Во 1985 година таа се вработила на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје како помлад асистент-приправник, а во 1992 година се стекнала со звањето асистент. Во овој период била ангажирана во

реализирањето на вежбите од поголем број предмети на Институтот за психологија: *историја на психологијата, општа психологија 1, општа психологија 2, статистика во психологијата, детска и младинска психологија, социјална психологија и психологија за наставници.* Во 2005 година била избрана во звањето доцент во научните области општа психологија и психологија на образованието и воспитанието, а во 2009 година во звањето вонреден професор во истите области.

## Наставно-образовна дејност

Во периодот од нејзиниот последен избор во наставно-научно звање вонреден професор во 2009 година, па сè до јуни 2014 година, проф. д-р Елена Ачковска Лешковска одржувала предавања и вежби по повеќе предмети на додипломските и постдипломските студии. Реформите во високото образование наложија промени во студиските програми на првиот, вториот и третиот циклус, па во тој период таа подготвила неколку нови предметни програми кои станаа дел од акредитираните студиски програми на Институтот за психологија. На првиот циклус студии тоа се предметните програми: *вовед во психологијата, сознајни процеси, интелигенција* и *надареност* на студиската програма по психологија, како и *педагошка психологија* на студиската програма по педагогија, *психологија* на студиската програма по родови студии и *психологија во воспитанието и образованието* на студиската програма по филозофија. За некои од овие предмети кандидатката подготвила интерни скрипти за предавања и вежби, а за останатите веќе има публикувано учебници или монографии.

На првиот циклус студии на Институтот за психологија, во периодот од академската 2009/10 до 2013/14 година, таа ја реализирала наставата и испитите по предметите: *мислење и говор* (2009/10), *педагошка психологија 2* (2009/10), *вовед во психологијата* (од 2009/10 до 2013/14), *сознајни процеси* (од 2009/10 до 2013/14), *надареност* (од 2009/10 до 2013/14) и *интелигенција* (од 2010/11 до 2013/14). На другите институти на Филозофскиот факултет одржувала предавања на следниве предмети: *педагошка психологија* на Институтот за педагогија (од 2009/10 до 2012/2013), *психологија* на Институтот за родови студии (2010/11), *психологија* на Институт за филозофија (2013/14), како и *психологија* за студентите од Катедрата за германски јазик и книжевност и Катедрата за руски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет во Скопје (од 2009/10 до 2013/14). Во овој период таа била вклучена и во изведувањето на испитот *психологија* во рамките на педагошко-психолошката методска доквалификација.

На вториот циклус студии, во периодот од 2009/10 до 2012/13 година, проф. д-р Елена Ачковска Лешковска одржувала настава или менторски часови по предметите: *психички процеси 2, педагошка психологија 2, историја на психологијата, работа со надарени ученици и интелигенција.* Со акредитирањето на новите студиски програми по психологија на вториот циклус студии (60 кредити и 120 кредити), во академската 2013/14 година се вклучила во нивната реализација преку предметите *когнитивна психологија, интелигенција* и *историја на психологијата* (потпрограма: општа психологија), предметите

*училишно учење, поучување и оценување, критичкото мислење во наставата, работа со надарени ученици* и *ЕУ политики и образованието во Р.Македонија* (потпрограма: педагошка психологија), како и предметите *општа психологија со психологија на личноста* и *развој и социјализација на личноста* од сите потпрограми од студиската програма по психологија наменета за студентите кои не се дипломирани психолози (120 кредити). На покана од Педагошкиот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, а со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, во периодот од 2010/11 до 2013/14 година таа била вклучена и во реализацијата на предметот *советодавната работа на педагошко-психолошките служби и надарените* во рамките на студиската програма за втор циклус студии од областа на образованието на надарените и талентираните.

Со иницијативата за воведување тригодишна студиска програма на III циклус студии (докторски студии) од областа на психологијата, кандидатката учествувала во изготвувањето на, сега веќе акредитираната, студиска програма, а особено на предметните програми *нови идеи и трендови во психологијата, општа психологија, педагошка психологија, интелигенција и когнитивни стилови* и *надарените во образовниот процес.*

Покрај наставата, во последниве 5 години таа била ментор на 40 и член на комисија за одбрана на 89 дипломски работи. Таа членувала и во комисиите за оцена и одбрана на 5 докторски и 9 магистерски трудови.

Д-р Елена Ачковска Лешковска била рецензент на 6 univeritetски учебници, учебни помагала или монографии.

Во однос на педагошките аспекти на наставната дејност на кандидатката, приложени се резултатите од евалуацијата спроведена на Филозофскиот факултет во зимскиот семестар во академската 2013/14 година. Во анкетата на студентите, спроведена на предметните програми *вовед во психологијата* и *надареност*, добиена е просечна оценка 9,34.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, може да се констатира дека д-р Елена Ачковска Лешковска од **наставно-образовна дејност** остварила **140,21** поен и со тоа многукратно го надминала минималниот број поени (20) што е неопходно да ги оствари за да биде избрана во звањето редовен професор според овој основ. Во однос на барањето за позитивна оценка од самоевалуација, кое според наведениот член во Правилникот е услов за избор во звање, Комисијата утврди дека кандидатката не само што е позитивно оценета од студентите, туку добила и прилично висока просечна оцена (9,34).

## Научноистражувачка дејност

Во рамките на меѓународната наставно-научна соработка, по покана на Одделението за психологија при Универзитетот La Sapienca во Рим, Италија, кој на Шангајската листа е рангиран меѓу првите 100 универзитети во светот, во

ноември 2009 проф.д-р Елена Ачковска Лешковска одржала предавање за студентите на тема: *Distribution of components of love among students with different level of emotional awareness.*

Во периодот од јули 2011 до декември 2012 година таа соработувала со експерти за образовна политика од Република Словенија, во рамките на заедничкиот проект *Education Policy within the EU Policies and Macedonian Education* помеѓу CEPS (Centre for Educational Polici Studies) при Педагошкиот факултет, Универзитет во Љубљана, и FOSM. Како резултат на едукацијата и истражувачката практика, од оваа престижна институција таа е сертифицирана како специјалист по образовна политика (No. 06/2013 од 7.1.2013).

Таа учествувала и во три национални проекти, од кои во еден како раководител:

- *Македонски таленти*, МОН на РМ, БРО на РМ (2012);
- *Програма за образование на Роми*, ФООМ, УСАИД, детска фондација "Песталоци"(2009-2014);
- Growth Mindset in FYR Macedonia, The World Bank (2014).

Во последниве 5 години кандидатката учествувала со усни презентации на наодите од емпириските или теориските истражувања на повеќе меѓународни научни собири и конференции од областа на психологијата и образованието. Некои од тие трудови се публикувани во зборници од конференциите, некои се објавени во научно- стручни списанија, а некои само во книги на апстракти.

## 1. Учество на конференции, симпозиуми и стручно-научни средби

- First International Conference: *Gifted and Talented Creators of the Progress*, Pedagogical Faculty, University St. Clement Ohridski-Bitola, Ohrid, October 16-17, 2009.
  Paper presented: *Evaluation of gifted programs*
- 5th *International Conference Education for human society*, Ohrid, 28-29 May 2010.
  Paper presented (co-author): *Intercultural content in elementary school textbooks in the Republic of Macedonia.*
- *VI konferencija Dani primenjene psihologije*, Niš, Srbija, 24-25 septembar 2010
  Paper presented: Internet, društvene mreže i osećaj usamljenosti kod učenika.
- 14th International BASOPED Conference: *Evaluation in Education in the Balkan Countries*, Belgrade, Serbia, 16-18 June 2011.
  Paper presented (co-author): *Alternative Methods of Undergraduate Students' Assessment.*
- 30th Annual Conference of the European Society for the History of the Human Sciences, Faculty of Philosophy, University of Belgrade, Belgrade, Serbia, July 5-8, 2011.

Paper presented (co-author): *Compatibility of John Dewey's Work and Howard Gardner's Multiple Intelligence Theory: Educational Implications.*

- International Scientific Symposium: *Education between tradition and modernity.* Faculty of Philosophy-Skopje, Ohrid, 22-24 September 2011.
  Paper presented: The educational implications of Howard Gardner's multiple intelligences theory.
- 15th International Conference Educational Reform in the 21st Century in Balkan Countries, Bucharest, Romania, 28-30 June 2012
  Paper presented (co-author): The presence of contents that imply multiculturalism in primary education textbooks in the Republic of Macedonia
- I[st] International Conference on Time Perspective, University of Coimbra, Coimbra, Portugal, 5-8 September 2012
  Paper presented (co-author): Time Perspective, Meaning in Life and Subjective Well-being in Macedonian Undergraduate Students
- Educational Policy in Macedonia, CEPS and FOSIM, Mavrovo, 30 November-2 December 2012
  Paper presented: *Implemetation of Bologna Process at the Ss. Cyril and Methodius University (UKIM) in Skopje: a view from inside*
- XX Naučni skup Empirijska istraživanja u psihologiji, Filozofski fakultet, Univerzitet u Beogradu, Beograd, 22–24 mart 2013
  Paper presented (co-author): *Is a Meaningful Life a Satisfactory One?*
- 21st Ramiro and Zoran Bujas' Days, Zagreb, Croatia, 11-13 April 2013
  Paper presented (co-author): The Relationship Between Subjective Well-being and Time Perspective in Macedonian Context
- XIX Naučni skup Empirijska istraživanja u psihologiji, Filozofski fakultet, Univerzitet u Beogradu, Beograd, 28–30 mart 2014
  Paper presented (co-author): Passion Toward Studying, Flow and Academic Burnout in University Students

## 2. Објавени трудови

Како автор или коавтор, д-р Елена Ачковска Лешковска објавила 4 трудови со оригинални научни резултати во зборници на трудови од научни собири, со меѓународен уредувачки одбор кој е составен од експерти од најмалку 5 земји:

1. Achkovska-Leshkovska, E. (2009). Evaluation of gifted programs. Book of papers from the First international conference *Talented and gifted creators of progress (theory and practice)*,University St. Kliment Ohridski, Bitola, Part one,173-180.
2. Miovska-Spaseva, S., Ackovska-Leskovska, E. (2011). Alternative Methods

of Undergraduate Students' Assessment. *14th International BASOPED Conference: Evaluation in Education in the Balkan Countries*, Belgrade: Balkan Society for Pedagogy and Education, 549-556.

3. Achkovska-Leshkovska, E. (2011). The educational implications of Howard Gardner's multiple intelligences theory. *International symposium Education between tradition and modernity*, 22-24 September , Ohrid, 364-372.
4. Shterjovska, M., Achkovska-Leshkovska, E. (2013). Time perspective, meaning in life and subjective well-being in Macedonian undergraduate students. *International Studies in Time Perspective*. Imprensa da Universidade de Coimbra. ISBN: 978-989-26-0668-2

Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир, со уредувачки одбор составен од членови само од земјата-домаќин:

5. Shterjovska, M., Achkovska-Leshkovska, E. (2013). Is a meaningful life a satisfying one? *XIX Naučni skup Empirijska istraživanja u psihologiji*, Filozofski fakultet, Beograd, 181-188

Таа објавила и 3 труда со оригинални научни резултати во референтно научно/стручно списание со импакт-фактор (Global Impact Factor for 2013=0.514, Scientific Journal Impact Factor Value for 2012 = 3.459), со меѓународен уредувачки одбор кој е составен од експерти од најмалку 5 земји:

6. Achkovska Leshkovska,E.(2013). Implementation of Bologna Process at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje: A View from Inside. *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education*, Vol.1(1), 42-50.
7. Achkovska Leshkovska, E. Davchev,V.(2013). Intercultural education: Analysis of the Primary School Textbooks in the Republic of Macedonia. *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education*, Vol.1(2),51-56.
8. Shterjovska, M., Achkovska Leshkovska, E. (2014). Time Perspective as Predictor of Meaning in Life. *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education*, Vol.2 (1), 25-29.

Д-р Елена Ачковска Лешковска има публикации и во домашната периодика.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/ стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:

9. Шурбановска, О., Ачковска Лешковска Е. (2012). Однесувањето на детето и младиот адолесцент во училиштето. *Просветно дело*, год. LXV, 5, 115-131

10. Ачковска Лешковска Е. (2014). Испитна анксиозност, перфекционизам и училишни постигнувања кај средношколци. *Просветно дело*, год. LXVII, 1, 16-28ка Лешковска, Е. (2010). Концепции за критичкото мислење. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, Книга 63, 201-215.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на високо образовна институција:

11. Ачковска Лешковска, Е. (2010). Концепции за критичкото мислење. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, Книга 63, 201-215.
12. Ачковска Лешковска, Е. (2011). Автоматските мисли и локусот на контрола како фактори за успешно студирање. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, Книга 64, 79-91.
13. Ачковска Лешковска, Е., Штерјовска М. (2013). Временската перспектива како предиктор на субјективната благосостојба на македонските студенти. *Годишен зборник на Филозофски факултет*, Скопје, Книга 66, 135-147.

Трудовите под реден број 1, 2, 3, 7, 9, 10 и 12 се од областа на психологијата на образованието и воспитувањето и третираат актуелни теми и научноистражувачки проблеми. Трудовите под реден број 4, 5, 8, 11 и 13 се од областа на општата психологија, а оној под реден број 6 е од областа на образовната политика. Во најголемиот број од нив се презентирани емпириски истражувања кои се одликуваат со јасно дефиниран предмет, со примена на соодветна методологија и стручно-научна аргументација. Објавените трудови ја легитимираат авторката д-р Елена Ачковска Лешковска како компетентен истражувач во научните области во кои се врши изборот за редовен професор.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, може да се констатира дека д-р Елена Ачковска Лешковска од **научноистражувачка дејност** остварила **87,4** поени и со тоа го надминала минималниот број на поени (20) што се неопходни за избор во звањето редовен професор според овој основ. Во однос на барањето за објавени најмалку шест научноистражувачки трудови од соодветната област во меѓународни научни публикации и учество во научноистражувачки проекти, кое според наведениот член во Правилникот е услов за избор во звање, Комисијата утврди дека кандидатката ги исполнува условите.

**Стручно-апликативна дејност**

Во периодот меѓу двата избора, проф.д-р Елена Ачковска Лешковска покажала завиден ангажман и во однос на стручно-апликативната дејност. Во оваа сфера како позначајни ги издвојуваме следниве активности:

- коавтор на книгата *Критичкото мислење во универзитетската настава.* (2010). Скопје: ФИООМ. Оваа книга се темели на долгогодишното искуство на авторките во едукација на наставниците и студентите во современите наставни техники кои промовираат критичко мислење во универзитетската настава. Покрај тоа што содржи теориска експликација на критичкото мислење, таа преставува корисен методски прирачник во кој се опишани голем број наставни техники кои што го поттикнуваат активното учење кај студентите. Оттука, трудот има значаен придонес во унапредувањето како на универзитетската настава, така и на методската подготовка на идните наставници во насока на поквалитетно образование;
- коавтор на учебник за средно стручно образование *Психологија и култура во сообраќајот* за 4 година, сообраќајна струка, образовен профил: техничар за патен сообраќај. Учебникот е позитивно рецензиран и одобрен за употреба со одлука од педагошката служба при МОН на РМ (бр.22-1180/1 од 28.06.2011). Веруваме дека тој ќе го ублажи недостигот од литература од областа на применетата психологија во средните стручни училишта и ќе им биде од корист како на учениците, така и на наставниците што го предаваат овој предмет;
- стручен редактор на книга преведена од англиски јазик: *Прирачник за развој и за учење кај возрасни (Handbook of Adult Development and Learning)* по договор со АД ВЕРБУМ ДОО-Скопје бр. 25-13-03 (2013);
- член на Уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание International *Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (од 2013 година)*;
- член на Уредувачкиот одбор на *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет* во 2 мандатни периода, од кои во првиот во својство на потпретседателка (10.2007-10.2011 и 10.2011-10.2015);
- член на Комисија за одобрување средства за помагање на издавачката дејност на Филозофскиот факултет во 2 мандати ( 10.2010-10.2012 и 10.2012-10.2014 );
- член на Програмскиот одбор на Меѓународната конференција за теорија и практика во психологијата, Скопје, 2014;
- член на Конкурсната комисија за прием на студенти на Филозофскиот факултет во Скопје во академската 2011/12 година (2011);
- член на Ккомисијата за евалуација на Филозофскиот факултет (2014);
- член на Комисија за избор во звање на 4 кандидати од Институтот за психологија.

Во својство на едукатор, во периодот од нејзиниот последен избор до денес, д-р Елена Ачковска Лешковска реализирала повеќе стручни обуки со наставници и студенти. Така, во учебните 2010/2011 и 2012/2013 година одржала два циклуса

по три семинари со две групи наставници од општина Карпош во рамките на програмата *Обука на наставници за идентификација и едукација на надарени ученици*. Покрај реализатор, таа е и коавтор на оваа програма. Како учесник во *Програмата за образование на Роми*, финансирана од FOSM, USAID и Pestalozzi Children's Foundation, во текот на 2010 година таа ги обучувала за евалуација на ученички портфолија наставниците од основните училишта кои работеле како ментори на ученици-Роми. Своите стручни компетенции од областа на психологијата на учењето, кандидатката практично ги реализирала преку обуката во техники за ефективно учење на студентите Роми, преку програмата за високо образование на Роми, *Ромаверзитас*. Оваа обука, чиј креатор е проф.д-р Елена Ачковска Лешковска, се реализирала во два наврата (2013 и 2014 година) со различни групи студенти, кои високо ја евалуирале како корисна за нивното понатамошно студирање.

Експертската активност на кандидатката е евидентна и преку изработката на *Програма за советување ученици во основните и средните училишта*. По формирањето на Работна група за изготвување на оваа програма од страна на МОН на РМ во 2012 година, составена од членови на Институтот за психологија и психолози-практичари, таа е избрана за претседател на Работната група. Примената на оваа програма е законски регулирана и задолжителна за сите училишта во Република Македонија.

Своите компетенциите во областа на надареноста, како нејзина потесна специјалност, проф.д-р Елена Ачковска Лешковска ги применила и како член на работната група за изработка на тестови за проверка на IQ на потенцијалните талентирани и надарени ученици од основните училишта во Република Македонија, формирана од МОН на РМ во 2012 година. Таа е и член на Управниот одбор на Македонска асоцијација за надарени и талентирани, конституирана на 16.5.2012 година во Битола.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата констатира дека д-р Елена Ачковска Лешковска од **стручно-апликативната дејност** остварила **35,3** поени и со тоа повеќекратно го надминала минималниот број поени (5) што се неопходни за избор во звањето редовен професор според овој основ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци и оцени за работата на проф. д-р Елена Ачковска Лешковска, Рецензентската комисија констатира дека се работи за кандидатка со потврдени наставнички и научноистражувачки квалитети. Со својата посветеност, одговорност и максимална ангажираност, кандидатката значајно придонесува за унапредувањето на универзитетската настава и академскиот развој на студентите и помладите соработници. Анализата на

научните трудови објавени по последниот избор укажува на продлабочено познавање на проблемите во областите кои таа ги истражува.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кои се во примена од 1.1.2014 година, проф. д-р Елена Ачковска Лешковска, постигнувајќи вкупно **262.91** поен, неколкукратно го надминала минималниот број поени поединечно по сите три основи (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност), како и минималниот вкупен број на поени (80) што се потребни за да биде избрана во звањето редовен професор. Воедно, кандидатката ги исполнува и другите услови за избор во звање пропишани во наведениот член од Правилникот, како и во член 125 од Законот за високото образование: докторирала во научните области за кои се избира, има објавено повеќе од шест научноистражувачки трудови од областа на психологијата во меѓународни научни публикации, учествувала или раководела со научноистражувачки проекти од областа на психологијата и образованието и придонела за оспособување на соработници и помлади наставници. Исто така, кандидатката добила мошне висока оценка (9,34) од спроведената анкета на студентите при самоевалуацијата во академската 2013/14 година.

Поради сето изнесено, како членови на Рецензентската комисија имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да ја избере проф. д-р Елена Ачковска Лешковска во звањето ***редовен професор*** за научните области: општа психологија и психологија на образование и воспитување.

**Рецензентска комисија:**

Проф.д-р Виолета Арнаудова, претседател, с.р.

Проф.д-р Благоја Јанаков, член, с.р.

Проф.д-р Зоран Стојановски, член, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Елена Михајло Ачковска Лешковска**

**Институција:** **Филозофски факултет, Институт за психологија**

**Научна област: општа психологија и психологија на образование и воспитување**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава на прв циклус**[1]<br>Настава по предметот мислење и говор<br>Настава по предметот педагошка психологија 2<br>Настава по предметот вовед во психологијата<br>Настава по предметот сознајни процеси<br>Настава по предметот интелигенција<br>Настава по предметот надареност<br>Настава по предметот педагошка психологија (Институт за педагогија)<br>Настава по предметот психологија (Институт за филозофија)<br>Настава по предметот психологија (Филолошки факултет, Катедра за германски јазик и книжевност, Катедра за руски јазик и книжевност)<br>**Одржување настава на втор циклус**[2]<br>Психички процеси 2<br>Советодавната работа на педагошко-психолошките служби и надарените | 51,1 |
| 2. | Одржување вежби на прв циклус[3]<br>Одржување вежби по предметот вовед во психологијата<br>Одржување вежби по предметот сознајни процеси<br>Одржување вежби по предметот интелигенција<br>Одржување вежби по предметот надареност<br>Одржување вежби по предметот педагошка | 23,85 |

[1] Ангажираност со настава по семестри: учебна 2009/10 година:6 +11; учебна 2010/11 година: 7 +8; учебна 2011/12 година 7+9; учебна 2012/13 година: 6+11; учебна 2013/14 година: 7+9

[2] Ангажираност со настава : зимски семестар 2011/12: 30 часа; летен семестар 2011/12: 10 часа; ; летен семестар 2012/13: 10 часа.

[3] Ангажираност со вежби по семестри: учебна 2009/10 година: 6+2; учебна 2010/11 година: 8+11; 2011/12 година: 5+7; учебна 2012/13 година:6+2; учебна 2013/14 година: 3+3

| | | |
|---|---|---|
| | психологија(Институт за педагогија), | |
| 3. | Консултации со студенти[4]: 2081x0,002 | 4,16 |
| 4. | Подготовка на нова предметна програма по *вовед во психологијата* - предавања | 1 |
| 5. | Подготовка на нова предметна програма по *сознајни процеси*- предавања | 1 |
| 6. | Подготовка на нова предметна програма по *интелигенција* - предавања | 1 |
| 7. | Подготовка на нова предметна програма по *педагошка психологија* - предавања | 1 |
| 8. | Подготовка на нова предметна програма по *психологија во воспитанието и образованието*- предавања | 1 |
| 9. | Подготовка на нова предметна програма по *вовед во психологијата* – вежби | 0,5 |
| 10. | Подготовка на нова предметна програма по *сознајни процеси*- вежби | 0,5 |
| 11. | Подготовка на нова предметна програма по *педагошка психологија*- вежби | 0.5 |
| 12. | Подготовка на нова предметна програма по *интелигенција*– вежби | 0,5 |
| 13. | Подготовка на нова предметна програма по *когнитивна психологија* – втор циклус студии | 1 |
| 14. | Подготовка на нова предметна програма по *Училишно учење, поучување и оценување*– втор циклус студии | 1 |
| 15. | Подготовка на нова предметна програма по *критичкото мислење во наставата*– втор циклус студии | 1 |
| 16. | Подготовка на нова предметна програма по *ЕУ-политики и образованието во Р.Македонија* – втор циклус студии | 1 |
| 17. | Подготовка на нова предметна програма по *советодавната работа на педагошко-психолошките служби и надарените* – втор циклус студии на студиската програма Образование на надарените и талентираните, Педагошки факултет, Битола | 1 |
| 18. | Подготовка на нова предметна програма по *нови идеи и трендови во психологија* та– трет циклус студии | 1 |
| 19. | Подготовка на нова предметна програма по *интелигенција и когнитивни стилови*– трет циклус студии | 1 |
| 20. | Подготовка на нова предметна програма по *надарените во образовниот процес*– трет циклус студии | 1 |

[4] Број на студенти по семестар: учебна 2009/10 година: 165+272; учебна 2010/11 година: 224+183; учебна 2011/12 година: 203+160; учебна 2012/13 година: 233+260; учебна 2013/14 година, 230+151

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Подготовка на нова предметна програма по *општа психологија*– трет циклус студии | 1 |
| 22. | Подготовка на нова предметна програма по *педагошка психологија*– трет циклус студии | 1 |
| 23. | Ментор на дипломска работа (40) | 8 |
| 24. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (5) (Зоран Михајловски, Ќуфли Османи, Хана Руси, Сашо Кочанкоски, Билјана Блажевска Стоилковска). | 2,5 |
| 25. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (9) (Сретен Лутовац, Фросина Денкова, Весна Миниќ, Филип Сулејманов, Анета Блажевска, Цветанка Петровска, Јасмина Тренковска, Александра Ивановски, Жанета Чонтева) | 2,7 |
| 26. | Член на на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (89) | 8,9 |
| 27. | Интерна скрипта од предавања по предметот *вовед во психологијата* за прв циклус на студии | 4 |
| 28. | Интерна скрипта од предавања по предметот *сознајни процеси* за прв циклус на студии | 4 |
| 29. | Интерна скрипта од предавања по предметот *интелигенција* за прв циклус на студии | 4 |
| 30. | Интерна скрипта од предавања по предметот *педагошка психологија* за прв циклус на студии | 4 |
| 31. | Рецензент на универзитетски учебник од Кениг, Н.(2011). Насилство: родова перспектива. Скопје: Филозофски факултет. | 1 |
| 32. | Рецензент на универзитетско учебно помагало од Петроска-Бешка, В. и Кениг, Н.(2011). Како се пишува извештај за спроведено емпириско истражување. Скопје: Филозофски факултет. | 1 |
| 33. | Рецензент на универзитетски учебник од Спасовски,О. (2012). Позитивна психологија. Скопје: Филозофски факултет. | 1 |
| 34. | Рецензент на монографија од Арнаудова, В. Попоски,К.(2010). Мотивација. Скопје: Филозофски факултет. | 1 |
| 35. | Рецензент на монографија од Шурбановска,О. (2013). Родителите и однесувањето на детето во училиштето. Скопје:Филозофски факултет. | 1 |
| 36. | Рецензент на универзитетски учебник од Андоновиќ, Б. и Петковски, С. (2012). Подобрување на интерперсоналните комуникациски вештини (Технолошко-металуршки факултет). | 1 |
| | **Вкупно** | **140,21** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 37. | Ментор на магистерска работа (4) (Билјана Стојанова, Билјана Лазарова, Марија Штерјовска Лидија Николовска Вретоски) | 4 |
| 38. | Учесник во меѓународен научен проект: *Education Policy within the EU Policies and Macedonian Education* (2011-2012). Center for Educational Policy Studies-Ljubljana, Slovenia , FOSM. | 5 |
| 39. | Раководител во национален научен проект: *Македонски таленти*, МОН на РМ, БРО на РМ (2012) | 6 |
| 40. | Учесник во национален апликативен проект: *Програма за образование на Роми*, ФООМ, УСАИД, детска фондација "Песталоци"(2009-2014) | 3 |
| 41. | Учесник во национален научен проект: Growth Mindset in FYR Macedonia, The World Bank (2014) | 3 |
| 42. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир, со меѓународен уредувачки одбор: Shterjovska, M., Achkovska-Leshkovska, E. (2013). Time perspective, meaning in life and subjective well-being in Macedonian undergraduate students. *International Studies in Time Perspective*. Imprensa da Universidade de Coimbra. ISBN: 978-989-26-0668-2 | 2,7 |
| 43. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир, со меѓународен уредувачки одбор: Ackovska-Leskovska, E. (2009). Evaluation of gifted programs. Book of papers from the First international conference *Talented and gifted creators of progress (theory and practice)*,University St. Kliment Ohridski, Bitola, Part one,173-180 | 3 |
| 44. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир: Shterjovska, M., Achkovska-Leshkovska, E. (2013). Is a meaningful life a satisfying one? *XIX Naučni skup Empirijska istraživanja u psihologiji*, Filozofski fakultet, Beograd, 181-188 | 1,8 |
| 45. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Achkovska-Leshkovska, E. (2011). The educational implications of Howard Gardner's multiple intelligences theory. *International symposium Education between tradition and modernity*, 22-24 September , Ohrid, 364-372. | |
| 46. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Miovska-Spaseva, S., Ackovska-Leskovska, E. (2011). Alternative Methods of Undergraduate Students' Assessment. *14th International BASOPED Conference: Evaluation in Education in the Balkan Countries*, Belgrade: Balkan Society for Pedagogy and Education, 549-556. | 2,7 |
| 47. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (автор): Achkovska Leshkovska,E.(2013). Implementation of Bologna Process at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje: A View from Inside. *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education*, Vol.1(1), 42-50. | 6 |
| 48. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (коавтор): Achkovska Leshkovska, E. Davchev,V.(2013). Intercultural education: Analysis of the Primary School Textbooks in the Republic of Macedonia. *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education*, Vol.1(2),51-56. | 5,4 |
| 49. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (коавтор): Shterjovska, M., Achkovska Leshkovska, E. (2014). Time Perspective as Predictor of Meaning in Life. *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education*, Vol.2 (1), 25-29. | 5,4 |
| 50. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција (автор): Ачковска Лешковска, Е. (2010). Концепции за критичкото мислење. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, Скопје, Книга 63, 201-215. | 2 |
| 51. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција (автор): Ачковска Лешковска, Е. 2011). Автоматските мисли и локусот на контрола како фактори за успешно студирање. *Годишен зборник на Филозофскиот* | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *факултет*, Скопје, Книга 64, 79-91. | |
| 52. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција (коавтор):<br>Ачковска Лешковска, Е., Штерјовска М. (2013). Временската перспектива како предиктор на субјективната благосостојба на македонските студенти. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, Скопје, Книга 66, 135-147. | 1,8 |
| 53. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор):<br>Ачковска Лешковска Е.(2014). Испитна анксиозност, перфекционизам и училишни постигнувања кај средношколци. *Просветно дело*, год. LXVII, 1, 16-28 | 4 |
| 54. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавтор):<br>Шурбановска, О., Ачковска Лешковска Е. (2012). Однесувањето на детето и младиот адолесцент во училиштето. *Просветно дело*, год. LXV, 5, 115-131 | 3,6 |
| 55. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>11-13 April 2013: *"The relationship between subjective well-being and time perspective in Macedonian context"*, *International Scientific Psychology Conference 21st Ramiro and Zoran Bujas' Days*, Zagreb, Croatia. | 1 |
| 56. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>5-8 September 2012: "Time perspective, meaning in life and subjective well-being in Macedonian undergraduate students", *First International Conference in Time Perspective*, University of Coimbra, Portugal. | 1 |
| 57. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>5-8 July 2011: "Compatibility of John Dewey's work and Howard Gardner's Multiple Intelligences Theory: Educational Implications", *30thAnnual conference of the European society for the history of the human sciences*, Belgrade, Serbia. | 1 |
| 58. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>28-29 May 2010: "Intercultural content in elementary school textbooks in the Republic of Macedonia." *5th International Conference Education for human society*, Ohrid. | 1 |
| 59. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>30 November-2 December 2012: "Implementation of Bologna process at the Ss. Cyril and Methodius University | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | in Skopje: A view from inside", *Educational Policy in Macedonia*, Mavrovo. | |
| 60. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>28-30 June 2012: "The presence of contents that imply multiculturalism in primary school textbooks in the Republic of Macedonia ", *15th International Conference Educational reform in the 21st century in Balkan countries*, Bucharest, Romania. | 1 |
| 61. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>16-17 October 2009: "Evaluation of gifted programs", First international conference *Talented and gifted creators of progress (theory and practice)*, Ohrid. | 1 |
| 62. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>22-24 September 2011: "The educational implications of Howard Gardner's multiple intelligences theory", International Scientific Symposium: *Education between tradition and modernity*, Ohrid. | 1 |
| 63. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат – усна презентација:<br>24-25 septembar 2010: "Internet, društvene mreže i osećaj usamljenosti kod učenika", *VI konferencija Dani primenjene psihologije*, Niš, Srbija. | 1 |
| 64. | Апстракт објавен во книга на апстракти од меѓународна конференција:<br>Shterjovska, M., Achkovska-Leshkovska, E. (2012). Time perspective, meaning in life and subjective well-being in Macedonian undergraduate students. *First International Conference in Time Perspective*, University of Coimbra, Portugal, 5-8.09.2012 | 1 |
| 65. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција : Achkovska-Leshkovska, E., Davchev, V. (2012). The presence of contents that imply multiculturalism in primary school textbooks in the Republic of Macedonia. *15th International Conference Educational reform in the 21st century in Balkan countries*, Bucharest, Romania, 28-30.06.2012 | 1 |
| 66. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција :<br>Ackovska Leskovska, E. (2010). Internet, društvene mreže i osećaj usamljenosti kod učenika. *VI konferencija Dani primenjene psihologije*, Niš, Srbija, 24-25.09.2010. | 1 |
| 67. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција : Shterjovska, M.,.Achkovska-Leshkovska, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | E. (2013). Time perspective as predictor of meaning in life. *Current Trends in Psychology*, Novi Sad, 11-13.10.2013. | |
| 68. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција : Shterjovska, M.,.Achkovska-Leshkovska, E. (2013). The relationship between subjective well-being and time perspective in Macedonian context. *International scientific Psychology conference 21st Ramiro and Zoran Bujas' Days*, Zagreb, Croatia, 11-13.04. 2013 | 1 |
| 68. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Shurbanovska, O., Achkovska Leshkovska, E. (2009). The influence of family and peers' relations on pupils' social behavior. *Current Trends in Psychology*, Novi Sad, 23-24.10.2009. | 1 |
| 69. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција : Lazarova, B., Achkovska-Leshkovska, E. (2014). Passion toward Studing, Flow and Academic Burnout in University Students, *XX Naučni skup Empirijska istraživanja u psihologiji*, Belgrade, 28-30.03.2014. | 1 |
| 70. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција : Shterjovska, M.,.Achkovska-Leshkovska, E. (2013). Is a meaningful life a satisfying one? *XIX Naučni skup Empirijska istraživanja u psihologiji*, Belgrade, 22-24.03.2013. | 1 |
| 71. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Achkovska-Leshkovska, E., Miovska-Spaseva, S. (2011) Compatibility of John Dewey's work and Howard Gardner's Multiple Intelligences Theory: Educational Implications. *Book of abstracts of the 30th European Society for the History of the Human Sciences*. Belgrade, 5-8.7.2011. | 1 |
| 72. | Пленарно предавање на научен/стручен собир "Современи трендови во психологијата", *Прва меѓународна конференција на студентите по психологија*, Скопје, 27-29.0.2013. | 2 |
| 73. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет 22.11.2009 "Distribution of components of love among students with different level of emotional awareness." *"La Sapienza" University, Department of psychology*, Rome, *Italy*. | 3 |
| | **Вкупно** | **87,4** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 74 | Коавтор на книга од стручна област: Миовска-Спасева, С., Ачковска-Лешковска, Е. (2010) *Критичкото мислење во универзитетската настава*. Скопје: ФИООМ. | 7 |
| 75 | Коавтор на средношколски учебник: Ачковска-Лешковска, Е., Арнаудова, В.(2012) *Психологија и култура во сообраќајот*, 4 год., сообраќајна струка | 6 |
| 76 | Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма по психологија на втор циклус студии (2013/14) | 1 |
| 77 | Превод на статија за студентите како проект при Филозофскиот факултет (*Наставниците како советувачи на надарени ученици*) | 0,5 |
| 78 | Стручна редакција на преведена книга Прирачник за развој и за учење кај возрасни *(Handbook of Adult Development and Learning)* по договор со АД ВЕРБУМ ДОО-Скопје бр. 25-13-03 | 1 |
| 79 | Обучувач на наставници-ментори на ученици- Роми за евалуација на ученички портфолија, 2010, ФООМ | 1 |
| 80 | Обучувач на наставници од основните училишта за идентификација и едукација на надарени ученици, општина Карпош, 2010-2011 | 1 |
| 81 | Обучувач на наставници од основните училишта за идентификација и едукација на надарени ученици, општина Карпош, 2012-2013 | 1 |
| 82 | Обучувач на студенти-Роми за ефективно учење, 2.3.2013, Ромаверзитас | 1 |
| 83 | Обучувач на студенти-Роми за ефективно учење, 8.2.2014, Ромаверзитас | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 84 | Раководител на постдипломски студии на студиската програма по психологија (2 мандата: 15.10.2009-14.9.2013 и 15.9.2013-14.9.2017) | 4 |
| 85 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: Претседател на работна група за изработка на програма за советување на ученици во основно и средно училиште, МОН на РМ(бр. 19-1403/1, 2012) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 86 | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>Работна група за изработка на тестови за проверка на IQ на потенцијалните талентирани и надарени ученици од основните училишта во Република Македонија, МОН на РМ(бр. 19-1397-1,2012) | 1 |
| 87 | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание<br>International *Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education* | 1 |
| 88 | Член на факултетска комисија:<br>Комисија за евалуација на Филозофскиот факултет (2014) | 0,5 |
| 89 | Член на факултетска комисија:<br>Комисија за одобрување средства за помагање на издавачката дејност на Филозофскиот факултет (2 мандата: 10.2010-10.2012 и 10.2012-10.2014 ) | 1 |
| 90 | Член на факултетска комисија:<br>Член на конкурсна комисија за прием на студенти во академската 2011/12 година (2011) | 0,5 |
| 91 | Член на комисија за избор во звање (4)<br>/ Билјана Стојанова (асистент),Филип Сулејманов (асистент), Огнен Спасовски (вонреден професор), Орхидеја Шурбановска (вонреден професор)/ | 0,8 |
| 92 | Подготовка на национален документ<br>*Програма за советување на ученици во основно и средно училиште*, Министерство за образование и наука, 2012 | 2 |
| 93 | Член на програмски одбор на меѓународен научен собир:<br>Меѓународна конференција за теорија и практика во психологијата, Скопје, 2014 | 1 |
| 94 | Член на уредувачки одбор на научно списание:<br>*Годишен зборник на Филозофскиот факултет* (2 мандата: 10.2007-10.2011 (потпретседателка) и 10.2011-10.2015) | 1 |
| 95 | Член на научно/стручно тело:<br>Член на Македонската асоцијација за надарени и талентирани, Битола (од 16.5. 2012) | 1 |
| | **Вкупно** | **35,3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ: РЕДОВЕН ПРОФЕСОР | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **140,21** |

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 13. 11. 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 04 | 1488/8 | | |

Бр. 02-1192/17
31.10.2014 год.
Скопје

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014 и 130/2014), Универзитетскиот сенат, на 23. седница одржана на 31.10.2014 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на редовен професор**

**Член 1**

**Д-р Елена Ачковска Лешковска,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Филозофски факултет - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Филозофски факултет - Скопје, во научните области (дисциплини):

- *општа психологија;*
- *психологија на образование и воспитување.*

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:

- Филозофски факултет - Скопје
- Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска

мм/сд